Бр: 03-103/2
Скопје: 05.05.2020

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 05.05.2020 година го донесе следното

# **МИСЛЕЊЕ**

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа доставеното Барање на мислење од страна на Министерството за труд и социјална политика бр. 03-103/1, а во врска со Уредбата со законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ„ бр. 92/20), во натамошниот текст „Уредба„.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателот на државната помош претставува државна помош, се оценува дали се исполнети на кумулативен начин четирите следни критериуми:

- Таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- Да биде селективна;
- Да претставува економска поволност за примателот и
- Да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

Комисијата оцени дека, со оглед на тоа декасубвенционирањето во Уредбата опфаќа трансфер на државни средства и претставува економска поволност за примателот на помошта, а се однесува само на обврзниците кои ги исполнуваат условите од член 4 од Уредбата, истата **претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.**

Согласно горенаведеното,Министерството за труд и социјална политика **има обврска** до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави Известување за планирано доделување на помош согласно Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош(„Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11), на Образецот даден како Прилог I од горенаведената Уредба.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Д-р Владимир Наумовски**